РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Бр. 08-401/2
19.03 2021 год.
СКОПЈЕ



Врз основа на член 4 од Правилникот за условите, критериумите и постапката за доделување средства за објавување научни трудови во престижни списанија (списанија со фактор на влијание според Clarivate Analytics или според Scopus) (бр. 02-496/35 од 30.5.2017 год), Комисијата за наука на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје објавува

# КОНКУРС

## за доделување средства за објавување научни трудови во престижни списанија за 2019 година

1. Со овој Конкурс се доделуваат финансиски средства за објавување оригинални научни трудови во престижни списанија (списанија со фактор на влијание реферирани во базите на **Clarivate Analytics** или списанија реферирани во базите на **Scopus)** за 2019 година:

- Се доделуваат средства за објавување 20 оригинални научни труда од секое научно подрачје: (1) Природно-математички науки; (2) Техничко-технолошки науки; (3) Медицински науки и здравство (4) Земјоделски и ветеринарни науки; (5) Општествени науки и (6) Хуманистички науки и уметности.
- За подрачјата од 1 до 6, се доделуваат средства доколку трудот е печатен во списание регистрирано во базата на Clarivate Analytics. За подрачјата 5 и 6, средства може да се доделат и за трудови регистрирани во базата Scopus, доколку не е достигнат бројот од 20 поддржани публикации, со претходниот приоритет во даденото подрачје.
- Доколку во одредено научно подрачје нема потребен број трудови (20), средствата што остануваат се распределуваат рамномерно по другите научни подрачја.

2. Право на учество на конкурсот имаат лица избрани во наставно-научни и научни звања, кои се во работен однос на факултетите и институтите во состав на Универзитеот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Средства за објавување научни трудови во престижни списанија може да се доделат и на лица избрани во соработнички звања (асистенти, асистенти истражувачи) и асистенти-докторанди, кои се во работен однос на Универзитетот.

3. Кандидатите за доделување финансиските средства, **најдоцна до 14.04.2021 година, до продеканот за наука, односно до лицето одговорно за наука во единицата од соодветната научна област (соодветното научно поле)** треба да доставaт во електронска форма:

   - пријава;
   - кратка биографија;
   - еден примерок од секој труд со кој аплицираат и е објавен во периодот од 1.1.2019 до 31.12.2019 година во списание со фактор на влијание;
   - изјава дека трудот е внесен во Репозиториумот на УКИМ.

4. Согласно условите наведени во член 11 од Правилникот, финансиски средства ќе бидат доделени за научни трудови кои не се поддржани од Министерството за образование и наука или од друга институција.

5. Во постапката за избор секоја единица треба да:

   - изврши евалуација на поднесената документација од сите пријавени кандидати и да селектира најмногу 20 труда од единицата;

   - определи свој претставник во селекционата комисија за своето научно поле (доколку за тоа има потреба).

6. Комисијата за наука ќе ги формира селекционите комисии (доколку за тоа има потреба) за секое научно подрачје, најдоцна до 22.4.2021 година. **Постапката на евалуација на доставените пријави, се реализира во согласност со Правилникот, а врз основа на критериумите за доделување средства за објавување трудови во престижни списанија.**

**Претседател на Комисијата за наука**

**Проф. д-р Валентина Гечевска,**

**проректор за наука**